Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 25.06.2020

На 24.06.2020 во 22,15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул."Веле Марков", го лишиле од слобода С.К.(21) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.06.2020 во 21,40 часот во Гостивар на ул.„Илинденска" поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" од полициски службеници од Полициската станица Гостивар лишени од слобода биле Е.В.(29), М.К.(20), Л.Б.(24) сите од Скопје и М.К.(25), полициски службеник од Скопје. Имено, при извршениот преглед врз патничко моторно возило „БМВ" со скопски регистарски ознаки управувано од М.К. пронајдено било огнено оружје–непозната марка, со рамка и осум куршуми како и кеса со остатоци од прашката материја. Известен бил Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 24.06.2020 во 10,40 часот, од полициски службеници од Полициската станица Гевгелија било сопрено патничко моторно возило "Фолксваген Пасат" со тетовски регистарски ознаки управувано од Џ.А.(46) од Мала Речица-тетовско и при извршениот преглед на возилото пронајдени биле двајца мигранти А.В.(24) и А.Ј.(22), двајцата од Турција. Возачот и двајцата мигранти биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка. Известен Јавен обвинител.

На 24.06.2020 во 12,00 часот било пријавено дека во Струмица, на крстосницата од ул.„Младинска " со ул„Ристоман Попчевски" 17- годишник од Струмица управувајќи велосипед паднал на коловозот. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Медицинскиот центар Струмица за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Струмица.

На 24.06.2020 во 09,40 часот во Полициската станица Драчево Г.М.(49) од Скопје, пријавила дека на бул."Србија" била касната од куче скитник.

На 24.06.2020 во 23,30 часот во Полициската станица Гази Баба Л.К.(52) од Скопје пријавила дека на ул."Јужноморавски бригади" била касната од куче скитник.
Во текот 24.06.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје санкционирани се две возила бидејќи биле нерегистрирани, двајца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и 45 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Штип до ОЈО Штип поднесе кривична пријава против Ѓ.М.(27) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „разбојништво". Пријавениот во два наврати, на 16.06. и 23.06.2020 со намера за себе да прибави противправна имотна корист со употреба на сила и подесен предмет ја отворил влезната врата од куќа на ул.„Личка" во Штип сопственост на Р.Ј.(81) од Штип, влегол внатре и во двата наврати физички ја нападнал и и одзел златен накит и пари. Од страна на судија на претходна постапка на Ѓ.М. одредена му е мерка притвор во траење од 30 дена.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Т.(39) и В.А.(38), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "тешка кражба". На 04.06.2020 околу 04,00 часот, на бул.„Борис Трајковски", во плац за паркирање на таварни возила, пријавените извршиле тешка кражба при што одзеле товарно возило - кипер ,,Ивеко".Со извршеното кривично дело пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 1.900.000 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.А.(57) од село Копачиндол-тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "насилство". На 26.05.2020 по претходно настанато недоразбирање околу сообраќај, пријавениот со своето возило почнал да го следи такси возилото кое го управувал Г.А.(47) од Тетово. Откако таксистот дошол и застанал пред такси компанија, помеѓу нив настанала вербална расправија, по што пријавениот извадил огнено оружје и го вперил кон Г.А.. Г.А. се обидел да му го одземе оружјето, а пријавениот со истото го удрил.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ј.(23) од село Љубодраг-кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 16.05.2020, во Куманово на улицата „Братство единство", од полициски службеници бил извршен преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени таблети амфетамин.

ОВР Виница поднесе кривична пријава против С.О.(44) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 23.05.2020 во Виница, на банкомат, пријавениот со злоупотреба на дебитна платежна картичка, сопственост на Б.А. од Виница, во два наврати неовластено подигнал парични средства.

СВР Куманово поднесе две кривични пријави против М.Д.(36) и А.М.(40), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 05 и 06 јуни 2020, пријавените биле затекнати надвор од своите домови, со што постапиле спротивно на здравствените прописи и мерка за забрана на движење која е воведена со цел за спречување на ширење на заразната болест Ковид-19.

ОВР Македонски Брод поднесе кривична пријава Б.Д.(52) од Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 20.06.2020 пријавениот бил затекнат надвор од својот дом, со што постапил спротивно на здравствените прописи и дадената изјава за самоизолација.

СВР Струмица поднесе девет кривични пријави против 20 лица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" Пријавените биле затекнати надвор од своите домови, со што истите постапиле спротивно на здравствените прописи и мерка за забрана на движење која е воведена со цел за спречување на ширење на заразната болест Ковид-19.

СВР Штип поднесе три кривични пријави против пет лица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените биле затекнати надвор од своите домови, со што истите постапиле спротивно на здравствените прописи.

На 24.06.2020 во 22.00 часот во Полициска станица Карпош, И.З.(75) од Скопје пријавил дека во период од 14,00 до 16,00 часот во фирма на ул. „Момин Поток" во Скопје од непознато лице му била извршена кражба на пиштол"парабелум" кал.9мм и рамка со 7 куршуми за истиот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2020 во 02.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 02.00 часот во парк во близина на бензинската пумпа на бул.„Србија" дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна расправија помеѓу К.И.(26) и Д.Љ.(22) двајцата од Скопје од една страна и непознато лице од друга страна, по што на местото на настанот пристигнале четири непознати лица со патничко моторно возило"ланчија" кои со дрвени палки физички ги нападнале К.И.(26), Д.Љ.(22) и Д.А.(21) од Скопје кој се наоѓал во непосредна близина и по негово кажување не се познавал со останатите учесници ниту учествувал во претходната расправијата. Лицата со возило на итна медицинска помош биле пренесени во Комплекс клиники„Мајка Тереза" каде од доктор им биле констатирани повреди. На местото на настанот излегле полициски службеници до СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2020 во 11.10 часот во СВР Скопје, Б.С.(51) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот пред угостителски објект на бул.Јане Сандански бил физички нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2020 околу 00,15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во поликлиника Ѓорче Петров на бул.Партизански Одреди, Р.И.(47) од с.Кондово,скопско го нарушил јавниот ред и мир со омаловажување и закани по животот на М.Б.(36) од Скопје и М.К., вработени како медицински лица во поликлиниката. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.06.2020 во 15,00 часот во СВР Скопје, Ф.М.(40) од Скопје, пријавила дека од семејниот дом на ул. Палмиро Тољати се оддалечила С.М.(16) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.